**Повик за учество на конкурс за првенец на генерација на ООУ „Лазо Трповски“ - Скопје за учебната 2023/24**

Согласно член 75 од Законот за основно образование бр.161/5.08.2019 и Правилникот за избор на првенец на генеарција во ООУ ,,Лазо Трповски“, училиштето упатува:

**Јавен повик до учениците од IX одд. во учебната 2023/24 год да учествуваат во конкурсот првенец на генерација.**

Изборот на првенец на генерација го врши трочлена комисија која ја предлага и избира Наставничкиот совет од своите редови, според Правилникот за избор на првенец на ООУ „Лазо Трповски“. Истиот има три критериуми:

**Прв критериум:**

- Континуиран одличен успех

- Примерно поведение

- Најмал број изостаноци

- Учество во слободни ученички активности (за секоја секција за која ќе приложи доказ за учество од наставник)

- За одговорна улога во ученичките организации (детска организација, ученичка заедница, Црвен Крст и сл.)

**Втор критериум**:

-Поединечно учество во акредитирани натпревари (училишни, општински, регионални, републички и меѓународни) како и групно, екипно учество во натпревари

**Трет критериум:**

-Гласање на Одделенскиот совет за предложените кандидати

Ги охрабруваме сите ученици кои ги исполнуваат критериумите да се пријават на отворениот Конкурс за првенец, со тоа што ќе подготват папка со свои лични документи (сведителства, дипломи, пофалници, препораки, учества и сл.) и истата ќе ја доставaт во училиштево канцеларијата на педагогот во период од 13 до 23 Мај од 11-12 часот. Комисијата од училиштето ќе ги разгледа поднесените документи и во рок од три дена ќе ги објави резултатите.